# МЕДИУМ

весник за сите средношколци

Четврток, 26.2.2015; година III; бр. 18

www.medium.edu.mk


## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

### КОЛКУ СЕ ИНОВАТИВНИ ЧАСОВИТЕ НА УЧИЛИШТЕ?



# Дали часот ќе биде досаден зависи и од професорите и од учениците

**Да има мир и тишина за време на училишниот час не секогаш е вистинскиот начин за да ја научат лекцијата. Потребно е и воведување новитети, кои ќе ја „вжештат“ атмосферата и ќе го задржат нивното внимание, сметаат учениците. Професорите, пак, велат оти ги комбинираат традиционалните и иновативните методи онолку колку што им овозможуваат правилата и прописите, а постојаната надградба на наставните програми за да бидат во чекор со современото информатичко општество се предвидува и во меѓународните стратегии за образование**

На мојот час не може да биде досадно. Обработуваме и разговараме за секојдневни теми и во зависност од темата различен е и пристапот кон учениците. Максимално ги користиме методите на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) и благодарение на компјутерите и софтверите со кои располагаме се овозможува вклучување на сите ученици во наставата. Преку нив се решаваат тестови и вежби, се пишуваат есеи. Вака професорката Јасмина Василевска го започна разговорот за тоа како течат нејзините часови во битолското средно училиште „Таки Даскало“, каде што таа предава по предметот англиски јазик.

Изминатиов период „Медиум“ разговараше со средношколците и со професорите од средните училишта низ Македонија, за да дознаеме дали наставните програми и организацијата на часовите се доволно иновативни и интересни за да го привлечат вниманието на учениците, но и успешно да им го пренесат знаењето.

**И ТЕХНОЛОГИЈАТА СИ ГО ЗЕМА ДАНОКОТ**

Најголемата инвестиција во македонското образование во последните 20 години е проектот „Компјутер за секое дете“, со кој во училниците се поставија близу 20 илјади компјутери и безмалку сто илјади ЛЦД-монитори. Како што објавија од Владата на Република Македонија, целта е да се зголеми степенот на користење на компјутерите и Интернетот, со што ќе се подобрат информатичко-технолошките вештини и на учениците и на професорите.

Просветните работници велат оти генерацискиот јаз во почетокот предизвикувал тешкотии кај повозрасните наставници, од кои се бараше да се вклопат во стандардите на современото информатичко општество. Меѓутоа, како што потврдија за „Медиум“ повеќето средни училишта во државата, овие технологии денес без проблеми се применуваат и се дел од секојдневните училишни активности.

И покрај споменатите предности што ги овозможи проектот и неговото постојано надградување, некои професори признаваат дека и технологијата си го зела данокот, односно предизвикала други недостатоци.

- Овозможуваат полесен и побрз пристап до информации за секој ученик, можност за работа на компјутер, како и пристап на родителите до информации за учениците, но имаат и свои недостатоци. Распоредот на клупите поради компјутерската инсталација просто го „голтна“ просторот во училницата за организација за работа во групи и работилници. Компјутерите го „голтнаа“ и вниманието на учениците. Колку и да се борат наставниците со овие проблеми, тие постојат - вели Елвира Јакимовска, професорка по македонски јазик и литература во средното училиште „Наум Наумовски-Борче“ во Пробиштип.

Оние што се наоѓаат од другата страна на катедрата, пак, велат оти колку и да има можности за поинтересно организирање на наставничкиот час, некои професори тоа не го користат, туку се придржуваат кон традиционалниот начин на настава.

стр. 5



ДАРКО МАЛИНОВСКИ, УЧЕСНИК ВО СТУДЕНТСКИОТ ПЛЕНУМ

**Размислувајте критички и бидете принципиелни и храбри**

стр. 3



АЛЕКСАНДРА НАЈДОВСКА, УЧЕНИЧКА

**Карикатурите и се заштитен знак, а четката и гитарата најдобри другарки**

стр. 6

СОВЕТУВАМЕ

стр. 8



**Мобилни телефони**


EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НИЗ ХОДНИЦИТЕ

## УВОДНИК



Снежана Станкова, професорка во СУГС гимназија „Никола Карев“

# Внимавајте (не) се снима!

Кога почнав да го пишувам текстот, пред очи ми беа сите ученици што поминале низ овие години на моето учителствување. Па споредував, согледував какви разлики се случувале низ времето, кој како растел, кој што учел. Чудно, но сфатив дека некои работи не се менуваат. На пример, драги мои ученици, вие отсекогаш сте биле и ќе бидете слика и прилика на вашите домашни збиднувања. Колку и да (не) сакаме да признаеме, наставниците го „гледаат“ тоа, го забележуваат „моментот на семејството“ во вашето однесување на училиште. Исто како што и ние сме „под лупа“, верувајте дека седењето во клупа, поздравувањето по ходниците, односот во секојдневната комуникација, покажуваат како функционирате дома. Па затоа, немирковците, спанковците и незапирливите дрдорковци треба да се запрашаат дали се такви и нивните родители или погрешно оставаат лоша слика за нив?

Ние овде во училиштето, во околината, на екскурзиите, преку учеството во разни проекти и дружба, имаме задача да ве „доизградиме“ и да дејствуваме воспитно, како што всушност и се нарекува процесов (воспитно-образовен).

Несвесно, драги ученици, ние работиме едни на други. Си пренесуваме позитивни работи, си влијаеме, се зближуваме, се дополнуваме.

Зборот ми беше дека вие всушност станувате слика и прилика и на наставниците со кои работите. Јас сум многу горда кога ќе чујам за успехот на некој од вас, оти сметам дека самата сум дел од тоа.

Значи, се следи вашиот успех, како овековечен филм. Сè се снима и се документира во вашиот карактер, кој во голем дел се гради во училиштето.

Велам, внимавајте, со насмевка, зашто и однесувањето во автобус е дел од белегот оставен врз вашето вклопување во „системот“. Почитувајте ги моралните кодекси и напред во животот - нека се снима, па не е секогаш сè розово!

# Средношколски хуманитарни акции за поплавените жители



Повеќе од 1.200 литри вода и големи количества средства за лична хигиена собраа учениците од скопската гимназија „Јосип Броз-Тито“ за да им помогнат на жителите од загрозените региони по последните поплави. Средношколците ја обезбедија потребната помош за само два дена, покажувајќи ги својата хуманост и благородност. Учениците од скопското училиште „Кочо Рацин“, пак, собираа парични донации кои ќе бидат донирани на една од сметките за помош на загрозените жители. Во хуманоста се гледа големината на човекот, порачаа учениците.

# Ученици од „Ѓорче Петров“ од Кавадарци промовираат здрава исхрана

Ученици од средното училиште „Ѓорче Петров“ од Кавадарци ја промовираа органската храна како важен дел од здравиот начин на исхрана и на одржливото земјоделско производство. Во училишниот хол преку едукативна презентација ги запознаа соучениците со придобивките на органската храна, на училишните паноа прикажаа постери, фотографии и еколошки пораки дека храната може да биде лек, а на убаво уредена трпеза презентираа храна приготвена во домашни услови и свеж зеленчук и овошје типични за македонското поднебје. Активностите се реализираа во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.

# Кумановските билингвалци ја посетија Франција

Средношколците од билингвалните паралелки од кумановската гимназија „Гоце Делчев“ се запознаа со францускиот образовен систем и култура при еднонеделната посета на градот Дулен. Учениците посетија неколку средни училишта и имаа можност да се запознаат како се одвива наставата според француските образовни методи, но и да се запознаат со можностите за студирање на државните факултети во Франција без полагање приемен испит. Кумановските ученици беа сместени во семејства на нивни врсници и така ги запознаа културата и обичаите на францускиот народ. При посетата на Париз учениците добија силни впечатоци од Ајфеловата кула, Лувр, Нотр Дам, Триумфалната капија и други музеи, споменици и градини. Проектот продолжува. Сега кумановци ги очекуваат учениците од гимназијата во Дулен да го посетат Куманово.

Ива Томовска IV-11, СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово

# Каревци победија на натпревар за рециклирачки материјали

Диносаурусот Кришка изработен од рециклирачки материјали, картони и лед-диоди, им го донесе првото место на средношколците од скопската гимназија „Никола Карев“ на натпреварот за управување со отпад на организацијата „Пакомак“.



Учениците од третата година велат дека не било лесно да се направи диносаурус поради неговата големина и сложеност, па морале неколкупати да го преправаат и одново да почнуваат со работа.

- Учеството на ваков натпревар беше многу забавно, а и самата идеја и помисла да се направи нешто од рециклирачки материјали ни беше предизвик - вели ученичката Ангела Рафаиловска.

Учениците кажаа и дека биле изненадени од првото место бидејќи имало многу добри дела.

- Не очекувавме да го освоиме првото место поради тоа што имаше доста добри дела изработени од ученици од нашата гимназија, но и од други училишта. Кога ја дознавме веста дека токму нашиот Кришка е победник бевме навистина изненадени - раскажуваат учениците.

Тие велат дека вределе сите викенди минати во училиштето работејќи на Кришка, но и дека се полни со идеи и ентузијазам и повторно ќе се пријават следната година.

Фросина Неделковска 3-7, СУГС „Никола Карев“

# Ученици од електротехничкото училиште „Михајло Пупин“ на обука во Словенија



Триесет средношколци од скопското електротехничко училиште „Михајло Пупин“ ќе стекнат искуства како изгледа да се работи во компании во Европската Унија преку посетата на Школскиот центар Крањ во Словенија. Преку двонеделна обука учениците ќе ги запознаат потребите на европските фирми, знаењата што се неопходни и вештините што обезбедуваат пласман на пазарот на трудот во технолошки развиените општества. Обуката особено ќе се однесува на програмирање на програмскиот сервер ПЛЦ и микроконтролери, без кои не може да се замисли ниту еден сегмент од современите автоматизирани процеси во производството. По престојот учениците ќе ги споделат стекнатите искуства во своето училиште. Посетата се реализира во рамките на програмата ЕРАСМУС+.

Маја Миневска, професорка во СЕТУ „Михајло Пупин“

# „Зоотехна 2015“ со нови искуства за средношколците

Средношколци од скопското ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ го посетија меѓународниот саем за сточарство и живинарство „Зоотехна 2015“ што се одржа во јануари во Солун, Грција. На деветтиот по ред саем средношколците се запознаа со новите технологии што се применуваат во земјоделството, посебно во сточарството, како и со нови раси животни, препарати за заштита на растенијата, машини и други услуги со кои им се олеснува работата на фармерите. „Зоотехна“ е единствената специјализирана саемска изложба, која се однесува на одгледување животни и производство на месо во Грција и на Балканот.

Јована Насева III3 и Анета Поп-Николова III3, СУГС „Браќа Миладиновци“

# Тимот на „Георги Димитров“ најдобар на натпревар за ЕУ

Јордана Апостолова, Јована Цониќ и Ана Јанева беа тимот од трите ученички, кои, одговарајќи на прашања за историјата, политиките, институциите и функционирањето на Европската Унија, победија на квизнатпреварот „Знаејќи повеќе за Европа и ЕУ - знаеме повеќе за нас“. Тие го претставуваа училиштето на симулацијата за работата на европските институции, што се одржа во јануари во Крушево, на која играа улоги во процесот на проширување на ЕУ како комесари, пратеници, министри, медиуми или претставници на земјите-кандидатки. На натпреварот учениците увидоа како навистина функционира пристапниот процес и остварија контакти за потенцијални идни проекти со средношколци од други училишта и претставници на невладини организации. Учениците се подготвуваа за натпреварот еден месец, а обуката и настанот беа организирани од Европското движење на Македонија.

# Седумдесет години настава на македонски јазик во битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“

„Јазикот е календар на душата. Со него ги нижеме секундите, деновите, годините на нашиот живот. Го запишуваме убавиот збор што во календарот го зачувува местото на вечноста.“. Овој извадок е од видеото што беше прикажано на свечената академија по повод 70 години настава на македонски јазик во битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“, која се одржа во почетокот на февруари во Народниот театар во Битола. „По Орфеј, убаво знаеме дека никогаш не треба да се свртуваме кон она што го сакаме, освен ако не сакаме да го уништиме“, кажа директорот Кирил Печалев во обраќањето до присутните професори, ученици, родители и претставници на институции.

Плакети за благодарност за афирмација на македонскиот јазик, за јакнење на врската меѓу средното и високото образование и за поддршка на училиштето добија повеќе јавни личности, меѓу кои претседателот на РМ, битолскиот ректор, неколку академици, француската конзулка во Битола и битолскиот градоначалник. „Не знам дали на постарите колеги им се случувало тоа, но мене честопати ми се случувало да ја сонувам мојата гимназија. Сметам дека тоа изразува еден однос на респект кон училиштето“, рече академикот Владо Камбовски, присетувајќи се на своите средношколски денови во гимназијата.

Свечената атмосфера ја збогатија мелодиите што ги отсвирија и отпеаја учениците, а публиката уживаше во училишната претстава „Црна Арапина“. На церемонијата настапи и поп-пејачката Каролина Гочева.

Ангела Петровска и Сара Мицевска, СОУ „Јосип Броз-Тито“ - Битола

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Дејан Андонов, Александар Самарџиски, 02/30 90 004
**Дизајн и техничко уредување:** Марија Чундева
**Веб:** Александар Делчевски
**Лектори:** Сузана Митревска и Кристина Јовановска
**Маркетинг:** тел: (02) 5511727
**Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
www.medium.edu.mk; е-адреса: medium@medium.edu.mk

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.
Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.
Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.
EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

# Стекнете вештини за креативно и убедливо зборување

Стравот од зборување пред публика е сè уште еден од најголемите стравови, а луѓето ја создаваат својата перцепција за тоа кои сме и што правиме врз основа на сигурноста што ја покажуваме кога зборуваме јавно. За да се стекнете со сигурност и подготвеност за јавен настап, пријавете се на курсот за вештини за креативно и убедливо зборување. Со посетата на овој курс ќе успеете да ја надминете нервозата, да се ослободите од тремата и стравот од зборување пред јавност. Освен тоа, курсот ќе ви помогне да ги стимулирате своите креативни размислувања и да ги научите техниките за убедлив настап и презентација пред јавноста.

Резултатите од овој курс доаѓаат брзо, особено затоа што се реализира низ интерактивни вежби и задачи. Курсот ќе ви помогне да го усовршите својот стил на јавно зборување и да ги претворите обичните информации во динамична и атрактивна презентација. Освен тоа, ќе ги совладате начините на кои вашата тема ќе биде претставена и низ ефективни пораки што предизвикуваат внимание и поттикнуваат инспирација и вклученост.

За курсот можете да се информирате и да се пријавите на www.vs.edu.mk/kursevi.

Д.А.

## ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ДАРКО МАЛИНОВСКИ,
УЧЕСНИК ВО СТУДЕНТСКИОТ ПЛЕНУМ



**Студентот по правни науки Дарко Малиновски е меѓу најактивните илјадници привrзаници на Студентскиот пленум. Деновиве ги минува по аулите на скопските факултети, а неговиот матичен Правен факултет во Скопје му стана втор дом. Вели дека Студентскиот пленум е отворен за сите што сакаат да ги решаваат со години натрупаните студентски проблеми. Тој им порачува на средношколците да бидат критички настроени, храбри и принципиелни**

# Размислувајте критички и бидете принципиелни и храбри

**Медиум: Студентскиот пленум започна со т.н. окупација, односно формирање автономни зони на факултетите. Зошто се одлучивте на овој радикален чекор?**

Дарко: Она што сакавме да го постигнеме со автономните зони е да создадеме притисок договореното со Министерството за образование и наука да се исполни, бидејќи тоа што ни беше кажано на некој начин, иако не беа доволно јасни, е дека се согласуваат со нас дека измените не се добри. Одложувањето на последните измени во Законот за високото образование само по себе не е доволно за студентите. Студентите бараат да нема државен испит.

**Медиум: Кои се конкретните барања на Студентскиот пленум и што доколку не се исполнат тие?**

Дарко: Нашето конкретно барање е да се подготви нов законски текст, кој би го подготвувале заедно студентите, професорите и Министерството за образование. Во тој законски текст не треба да има небулозни решенија како државниот испит. Не можам да зборувам што во случај доколку барањата не се исполнат. Тоа не е моја лична одлука, туку одлука што целиот пленум треба да ја договори и изгласа. Меѓутоа, во моментов немаме друг план, освен тоа што сега го работиме.

**Медиум: Без разлика на тоа каков ќе биде исходот од автономните зони и дали барањата ќе се прифатат, дали Студентскиот пленум ќе продолжи да постои и како ќе дејствува?**

Дарко: Првичната идеја поради која се формираше Студентскиот пленум беа последните најавени реформи во високото образование, кои ги сметаме за крајно лоши. Се оформи за да ги спречи тие реформи и да почнеме заедно да работиме на поквалитетно високо образование преку инклузивен дијалог. Доколку овој проблем се надмине, пленумот ќе продолжи да работи на преостанатите проблеми со кои се соочуваат факултетите, како што се несоодветните средства за настава и прашањата поврзани со финансирањето. Меѓутоа, уште поважно е да се занимаваме со проблемот со студентските домови.

**Медиум: Се добива впечаток како целата јавност да очекува од вас да ги решите сите општествени проблеми. Чувствувате ли притисок поради тоа?**

Дарко: Евидентно е дека целата јавност гледа надеж и некаков спас во студентите и мислат дека студентите се клучот што ќе ги реши сите проблеми. Но, ние како студенти прво си имаме свои проблеми, а потоа се бориме и за одредени вредности. Ние се организираме за да им оставиме поквалитетно образование на генерациите што следуваат. Наметнуваме еден поубав и подобар политички дискурс, градиме еден фер однос кон сите и се трудиме да бидеме колку што е можно поискрени. Сме искажувале солидарност со други општествени групи, меѓутоа како студенти и како движење општо не можеме да ги решиме сите проблеми. Она што ние го правиме во моментов е да им покажеме на преостанатите како да се организираат и како да ги артикулираат нивните ставови, за решавање на нивните проблеми.

**Медиум: Целото комуницирање со јавноста, главно, го правите преку социјалните мрежи. Колку се тие важни и каква улога имаат во граѓанскиот активизам?**

Дарко: Социјалните мрежи можат да бидат од голема корист, доколку знаете како да ги користите. Во друг случај, можеби тие ќе ви одмогнат во вашата цел. Но, денес тие не можат, ниту смеат да бидат игнорирани како фактор во комуникацијата со јавноста. На социјалните мрежи многу јасно се случуваат некакви општествени текови, некакви општествени тенденции. Токму затоа, покрај нашата работа и герила-акции, социјалните мрежи многу ни помогнаа во пласирањето на нашите идеи и нашите конкретни чекори.

**Медиум: Пред некое време се појави и Средношколскиот пленум. Како соработувате со нив и како тие се вклучени во оваа граѓанска иницијатива?**

Дарко: Имавме една средба со средношколците. Освен генерално разменување мислења, ставови и предлози, немаме некоја друга соработка. Во секој случај, ние сме овде доколку средношколците побараат помош од нас, да им дадеме предлози и да им објасниме како функционира нашиот пленум, па потоа тие тоа да го спроведат и во нивниот.




**Медиум: Кога ти беше средношколец, дали постоеше средношколски активизам и дали си имал претходно искуство со слични граѓански иницијативи?**

Дарко: Кога бев средношколец, немаше вакви движења во кои можев да бидам вклучен. Имаше некои невладини организации, чија целна група беа средношколците. Во тие моменти не бев активно вклучен кон некои граѓански движења, но секогаш ги следев општествените текови и случувања. Освен кога беа протестите за Мартин Нешковски, на кои учествував како поддржувач, а не во организацијата, сум немал претходно искуство со граѓански активизам. Сепак, мојата порака до средношколците е секогаш да се трудат да имаат отворен ум, да бидат критички настроени, да бидат толерантни кон различностите. Исто така, да бидат принципиелни, ведри, храбри и искрени.

**Репортер: Катерина Смилева, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## ДВА НА КВАДРАТ

ОГНЕН ЈАНЕСКИ, ТВ-ВОДИТЕЛ:

### Средношколците сериозно да ја сфатат улогата на социјалните мрежи



**Медиум: Со оглед на тоа што си критичен и новинар што се држи до професионалните стандарди, дали има притисоци кон тебе и твојата работа?**

Огнен: Во нашата средина постојано има притисоци, особено во сферата на новинарството. Ние имаме сериозен проблем, на кој мора да се посветиме за да го поправиме. Слободната и неоптоварена мисла мораме да ја заштитиме од партизација, за да опстане и за да завладее. Јас секогаш се обидувам да го правам тоа - да бидам објективен во моите јавни ставови на телевизија, или во колумните, без разлика на моите лични, политички и општествени убедувања.

**Медиум: Често си дел од хуманитарни кампањи и си борец за човекови права преку социјалните мрежи. Колку е битно средношколците да се насочуваат кон активизам за подобро општество?**

Огнен: Младите се тие што можат да го променат правецот на општествените случувања. Младите се тие што можат да го држат кормилото против сите ветришта и виулици. Но доколку се осакатат младите во менталниот склоп, општеството ќе се загуби за време на одредени генерации, а тие, пак, ќе имаат свои осакатени потомци. Пресметајте колку години се тоа додека да настане закрепнувањето. Средношколците морам да ги посоветувам многу посериозно да ја сфатат улогата на социјалните мрежи во денешното дигитално општество, зашто преку нив можеме да направиме многу повеќе отколку да „споделиме" одредена фотографија или, многу повеќе, отколку да направиме едно „допаѓање". Денес овие медиуми ни даваат шанси преку кои можеме да создадеме многу подобро општество.

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Автори: Мартин Манасков и Љубица Николовска, студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

СЛОБОДАНКА ЧИЧЕВСКА, АКТЕРКА:

### Драга ми е работата со учениците од велешката гимназија



**Медиум: Кои се корените на вашата кариера?**

Слободанка: Уште како ученичка во гимназијата „Кочо Рацин" во Велес, освен што бев член на драмската и рецитаторската секција во училиштето, играв претстави во тогашниот Аматерски драмски театар. Имав среќа да работам со професионални актери, големи ентузијасти што беа вработени во театарот, од кои многу научив и, што е најважно, се заљубив во магијата што ја создаваше театарот. Претставите во кои играв тогаш едноподруго беа прогласувани за најдобри претстави, а како носителка на главните женски ролји бев добитничка на награди за најдобра женска улога. Со „Сомнително лице", во режија на легендата Петре Прличко и со него во главна улога (јас му бев партнерка и ја играв Анѓа), театарот во Велес доби ново име - Драмски театар, без атрибутот аматерски, и тоа беше предвесник за враќање на професионалниот статус.

**Медиум: Каква е вашата соработка со младите таленти од Велес?**

Слободанка: Некако многу природно си дојдоа и претставите за деца, за кои пишував и текстови, правев адаптации и ги режирав. Работата со млади таленти почна со младинската сцена во театарот, за потоа да се оформи во Младинско драмско студио „Прличко", каде што членуваа деца од 6 до 18 години. Особено ми е драга работата со учениците од гимназијата „Кочо Рацин", со која ме врзува долгогодишна соработка. Ми се враќаат спомените од моите почетоци и мило ми е што некои од тие некогашни ученици денес се мои колеги, кои заедно со мене чекорат на сцената во новоизградениот објект на „Театар Цинот".

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Автори: Илина Димовска и Сара Тодоровска, II-2, СОУ „Кочо Рацин" - Велес**

## БЛИЦ-ВЕСТИ

### Научниците произведоа куче-робот

Компанијата „Бостон динамикс“, која е во сопственост на „Гугл“, го произведе првото куче-робот. Научниците што го произвеле го крстиле кучето Спот. Роботот е конструиран за потребите на војската, зашто може да се движи по непристапен и стрмен терен. Друга одлика на Спот е тоа што е дизајниран така што не може да ја загуби рамнотежата при трчање. Кучето-робот тежи 80 килограми и е комплетно опремено со електроника.
М.М.

### Дедо од Австралија плете џемпери за пингвини

Дедо од Австралија по име Алфред Дејт во слободно време плете џемпери за пингвини. Група австралиски активисти што се борат за правата на животните го замолиле дедото да сплете многу џемпери за пингвините, за да не настинат, зашто излеаната нафта им ги залепила перјата. Алфред, наедно, е и најстариот Австралиец. Тој има 109 години.
М.М.

### На годинашниот „Евросонг“ ќе учествува и Австралија

Годинашното јубилејно 60-то издание на „Евросонг 2015“ ќе биде збогатено со учеството на Австралија. Организаторите на овој настан сметаат дека самото развивање на „Евровизијата“ од почетокот досега, налага да продолжи модернизирањето на еден од најгледаните телевизиски настани во светот. Австралија ќе го објави својот учесник на „Евросонгот“ на 15 март. Доколку Австралија победи, токму таа ќе го организира натпреварувањето идната година, но во некоја од европските престолнини.
М.М.

### Ќе се произведуваат батерии што ќе го напојуваат домот

Компанијата „Тесла моторс“ најави дека ќе почне да произведува батерии што ќе можат да го напојуваат домот. Од компанијата велат дека ќе ја претставуват батеријата за два месеца, а нејзиното масовно производство ќе почне за шест месеци. Се предвидува дека со овие батерии и соларните панели би станале наполно независни од електричната енергија. Ова е новитет во работата на „Тесла моторс“ зашто досега таа се занимава само со производство на електрични автомобили.
М.М.

КАДЕ БЕВМЕ?

# Драма, информатика и што уште не во „Алгоритам“

„Начинот на кој учиме ни овозможува да го запаметиме наученото - тоа што влегува во едното уво не излегува низ другото. Професорите, пак, секогаш имаат разбирање кон учениците и се трудат да ни помогнат“, вака ни одговори ученичката Антонела Јаки кога ја прашавме што ѝ се допаѓа најмногу во „Алгоритам“, средното училиште во кое таа е втора година. „Алгоритам“ е училиште во кое кога ќе влезете, веднаш се забележуваат позитивната атмосфера и желбата на учениците да се изразат креативно себеси, покрај желбата за учење нови нешта.

Приватното училиште „Алгоритам“ им нуди големи можности на своите ученици да ја изразат својата креативност. Една од тие можности претставува драмската секција, предводена од професорот по македонски јазик и литература Горан Станикевски-Горјански, која е посетена од многу ученици. Стојан Стојчевски е четврта година и најдолго ја посетува драмската секција. Тој вели дека секцијата најмногу се подготвува за своите настапи на „Гимназијадата“, настан организиран од градот Скопје, во кој се натпреваруваат повеќе средни училишта со претстави во кои глумат токму учениците. Оваа година училиштето ќе се претстави со крими-комедијата „Лазо“, за која Стефан вели дека целта е да се насмее публиката, бидејќи таа ги сака комедиите. За да успеат во тоа, тие ќе треба да го совладаат кавадаречкиот говор, бидејќи дејството во комедијата всушност се одвива во Кавадарци.






- Интензивно ги работиме нашите претстави. Почнуваме со подготовките уште во почетокот од учебната година. Се состануваме два-три пати неделно, додека пак овој период се состануваме поредовно, бидејќи самите подготовки се поинтензивни - вели Стефан.

Но драмската секција не е единствено нешто на кое учениците посветуваат внимание и труд. Од октомври минатата година, некои ученици отворија веб-страница на училиштето, а инспирацијата за тоа велат дека произлегува токму од нивната професорка по информатика Билјана Златков. За страницата тие имаат оформено тим од десетина ученици, кој ќе се грижи за таа да функционира најдобро што може.

- За таа цел ќе пишуваме различни статии. Ќе има мода, спорт, интервјуа на наши ученици, тековни настани. Ќе претставува училиштен сервис, кој ќе содржи секакви информации за училиштето - вели Антонела, една од учениците од тимот одговорен за веб-страницата, која со текот на времето се планира сè повеќе да се развива.

„Алгоритам“ има и секции во кои љубителите на природните науки и математика го збогатуваат своето знаење, но и се подготвуваат за натпревари. Како и во секое друго средно училиште, и тука учениците одат на екскурзии, но она по кое „Алгоритам“ се разликува од другите училишта е токму тоа што тука самите ученици ја избираат својата дестинација. Иако училишниот хол на „Алгоритам“ не е толкав како оној на државните училишта, тој сепак има што да им понуди на своите ученици. Драмската секција, веб-страницата и сите други секции се само производ на нивното задоволство и на одличната соработка со професорите.

**Автори:**
**Љубица Николовска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**
**Теа Ружин, ученичка во ПСУ „Алгоритам“ - Скопје**

# Преку практична настава до професионални техничари

Иако се чини дека единственото средно училиште во Демир Хисар, „Крсте Петков Мисирков“, сместено во срцето на градот, нема конкуренција или репер за мерење на квалитетот на образованието, тоа само за себе претставува пример за успешна образовна институција. Отворено и креативно училиште со пријатна клима, овозможува директно вклучување на учениците во наставата преку разни проекти и активности. Особено интересен дел од наставата е стручното образование на шумарско-дрвопреработувачката струка, каде што учениците имаат шанса преку практична настава, шест часа во неделата, да се усовршуваат во својата професија и да се оспособат во иднина како шумарски техничари за пејзажна архитектура.





- Шумарската струка е регионална и постои веќе седум години, а во неа учениците имаат можност директно да бидат вклучени во работниот процес на терен. Оваа година училиштето во соработка со локалната самоуправа доби парцела или наставна шума од еден хектар, која учениците сами ќе ја уредуваат, ќе поставуваат клупи, масички и слично - објаснува професорот Гоце Стојановски.

Во дворот на училиштето е поставен и пластеник со систем за наводнување, каде што средношколците сами садат и одгледуваат зимзелени растенија. Покрај тоа, тие соработуваат и со училишта од други градови, на кои им ги уредуваат дворовите.

- Целта е нашите ученици да се стекнат со практично искуства во нивната струка за во иднина да се пронајдат и усовршат како шумски техничари. Ме радува што тие навистина уживаат во тоа и работат со огромен ентузијазам - вели професорот Ристо Гулевски.

Покрај тоа, учениците редовно посетуваат национални паркови и учествуваат на разни натпревари. Ученикот Јане Митревски вели дека на овој начин тој се стекнал со многу големо искуство во областа што сака да ја изучува.

- Тоа што го правиме го работам со мерак и многу ми е интересно. Некои работи не можат да се научат од книга како што можат на терен. Стекнав искуство што многу ќе ми значи кога во иднина ќе учам и на шумарски факултет - вели Митревски.

За Митревски и неговите соученици учењето преку практика претставува отскочна штица, која ќе ги однесе неколку чекори поблиску до професионалното почнување на нивните кариери како техничари и инженери.

**Автори:**
**Ирена Каревска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**
**Марија Пауноска IV-1,**
**Антонио Суклувски IV-2,**
**ОСУ „К.П. Мисирков“ - Демир Хисар**

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Дали часот ќе биде досаден зависи и од професорите и од учениците



Продолжение од стр. 1

- Мислам дека најмногу зависи од предметот. Има некој предмет што ме привлекува, а некој не, но колку ни се интересни часовите зависи и од професорите, колку тие бараат интеракција и имаат интересни начини на предавање. Меѓутоа, кај мене на училиште повеќето наставници од нас бараат само мир и тишина - изјави Мартин Велиновски, ученик во струмичката гимназија „Јане Сандански“.

## ПОФЛЕКСИБИЛНИ НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Професорите со кои разговараше „Медиум“ сметаат дека можат и треба да се направат и некои измени во програмите, начинот на предавање и пристапот кон дадениот предмет. Еден од првите чекори е при подготвувањето на наставната програма. Таа се изработува во согласност со пропишаните закони за наставни програми и планови при Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО), во соработка со наставниците, кои се дел од образовниот процес. Како што велат професорите, таа е училиштен документ, кој ги конкретизира обемот, длабочината и редоследот на наставните содржини за секој предмет посебно. Покрај тоа што во суштина треба да ги задржи основите на соодветната содржина, програмата треба да биде и иновативна и да ги следи потребите на учениците во современиот образовен процес.

- Повеќе внимание треба да се обрне на начинот на реализацијата на наставната програма, да постои дел во неа што ќе биде пофлексибилен и каде што ќе можат да се вметнуваат промени, стекнати искуства и новини, кои ќе бидат во тек со современите потреби во наставниот процес, бидејќи наставните програми и планови не се менуваат толку често - смета професорката Јакимовска.

Според нејзината колешка од битолското училиште Јасмина Василевска, потребно е растоварување на програмите и плановите наменети за паралелките со стручно образование, бидејќи во нив се запишуваат претежно ученици со послаб успех, кои доаѓале со слаби или без предзнаења.

- Со задолжителното средно образование доаѓаат ученици со секакви профили и буквално е нарушен критериумот за предавање и оценување кај сите средношколци. Ние, наставниците, мора да бидеме потолерантни во оценувањето и без разлика што правиме за да пренесеме знаење, голем дел од нив сами се изјаснуваат дека, ако не беше задолжително, немало ни да помислат да се запишат - раскажува Василевска.

## СТРАТЕГИЈАТА ДА БИДЕ ВО ЧЕКОР СО ПРОМЕНИТЕ

Дали ќе заспијат на час или внимателно ќе го следат предавањето и ќе научат нешто учениците велат дека зависи од тоа колку еден предмет им е атрактивен, но и колку професорите го прават часот привлечен.

- Многу професори секогаш строго се држат до еден начин на водење на часот, не помислувајќи да воведат некои новитети. За нас како млади личности сè што е класика брзо здосадува. По мое лично мислење, дефинитивно треба професорот секогаш кога ќе има можност да воведе нешто ново со што ќе ја „вжешти“ атмосферата во училницата. Не мора да значи користење на современата технологија, само поголема доза креативност, а и хуморот не е за отфрлање - изјави Гоше Николов, средношколец во гимназијата „Ѓупчо Станов“ во Кочани.



За монотонијата да не биде синоним за нивните часови, професорите велат дека се трудат да ги комбинираат традиционалните методи со иновативни, онолку колку што дозволуваат правилата.

- Настојувам да остварам индивидуален пристап со учениците колку што ми дозволуваат условите, а истовремено се трудам да ја реализирам програмата без отстапувања бидејќи тоа го бара интегралната евалуација и поинаку не смеам - смета Јакимовска.

Технологијата, иновативноста и образованието се споменуваат како главни фактори за напредокот и во документите на Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО). „Живееме во време кога сè се менува многу брзо и каде што знаењето и иновациите се главните двигатели на развојот. Ова значи дека добиот квалитет на образованието и учењето сè повеќе стануваат важни детерминанти за благосостојбата на поединците, напредокот на земјите и квалитетот на заедничката иднина на човештвото“, се вели во стратегијата за образование на УНЕСКО од 2014 до 2021 година. Како што е наведено, оваа стратегија има три стратегиски цели, од кои едната е помагање во развојот на образовните системи за тие да обезбедат можности за учење во текот на целиот живот. Преостанатите две цели се однесуваат на давањето поддршка на земјите-членки во надградувањето на учениците да бидат креативни и одговорни граѓани и во оформувањето на идната агенда за образование. УНЕСКО препорачува дека овие цели можат да се остварат преку промовирање на писменоста, еднаквиот пристап до образованието, подобрување на квалитетот на наставата и обуки на наставниците, како и преку проширување на можностите за учење преку ИКТ.

Судејќи според потребите на учениците, искуствата на професорите и стратегијата за образование, воведувањето иновативни методи во наставата и искористувањето на можностите што ги нуди технологијата се повеќе од потребни за задржување на вниманието на учениците и за пренесување на потребното знаење и вештини во текот на образовниот процес.

**Репортер: Александар Самарџиски, дипломиран студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и новинар во „Нова Македонија“**

Информатичко-комуникациската технологија овозможува брз и лесен пристап до информации, кои учениците може без многу размислување да ги прикажат како свои нови или оригинални идеи или производи, без да го наведат изворот на користените материјали. Тоа е плагијат што претставува чин на измама и подразбира крадење туѓа работа и лажење дека е тоа твој труд. Постојат повеќе начини како наставниците да ги обесхрабрат средношколците да прават плагијати, а истовремено да ги направат часовите поинвентивни и поинтересни за учениците.

- Ограничете ги задачи на неколку конкретни теми и барајте споредби и лични ставови од учениците;
- Инсистирајте учениците да користат и онлајн и офлајн-ресурси;
- Комбинирајте ги задачите со други слични задачи: на пример, учениците да водат дневник за процесот на пишување на задачата во кој ќе наведат како ја истражувале темата и со кои предизвици се соочувале додека ја изработувале задачата;



- Поставете крајни рокови во кои учениците треба да достават делови од задачата - краток преглед, вовед, делови од текстот, резиме од истражувањето, заклучоци итн.;
- Учениците да подготват листа на референци за материјалите што ги користеле при изработка на задачата;
- Учениците да ги споделуваат своите задачи во група, да ги прегледуваат меѓу себе, да ги објават на онлајн-форуми за дискусија и сл. Ова го зголемува ризикот плагијатот да биде откриен;
- Организирајте дискусии на часовите за учениците да споделат што научиле, како истражувале и ги пишувале нивните задачи;
- Оценката на задачата да го одразува процесот на пишување и истражување, а не само конечниот производ;
- На почетокот на учебната година поделете морална потврда меѓу учениците во која ќе биде дефинирано што е плагијат, ќе биде нагласена сериозноста на делото и ќе бидат наведени предвидените казни. Секој ученик треба да го потпише и да го врати овој документ.

АЛЕКСАНДРА НАЈДОВСКА, УЧЕНИЧКА ВО СОУ „КРСТЕ П. МИСИРКОВ“ - ДЕМИР ХИСАР

# КАРИКАТУРИТЕ Ѝ СЕ ЗАШТИТЕН ЗНАК, А ЧЕТКАТА И ГИТАРАТА НАЈДОБРИ ДРУГАРКИ









Разбиена е секојдневната, за многумина монотона, глетка што владееше низ ходниците на средното училиште „Крсте П. Мисирков“ во Демир Хисар. Измамени се и погледите, а разбудена е и љубопитноста на оние ученици за кои досега историјата и не беше баш привлечна наука. Ова се дел од ефектите што со својот последен проект ги предизвика ученичката Александра Најдовска, која од нејзините соученици се издвојува по нејзината креативност и талент за сликање. Со сликарство се занимава одамна, но со нејзиниот последен проект насловен „Историјата преку карикатура“ достигна кулминација. Во овие дела Александра преку карикатури ги претстави историските ликови, а низ сите од нив преовладува шмекот на сатирата и иронијата.

- Во овие дела ја отсликав контроверзноста на најмаркантните ликови во историјата, притоа запазувајќи ги нивните доминантни карактеристики. Тоа се илустрации во кои преовладуваат различни стилови, впечатливи бои и интересен контраст - вели Александра.

Таа особено ги обожава кубизмот и сликањето карикатури. Меѓу омилените артисти ѝ се Жан Жиро, Ричард Линднер, Салвадор Дали и Мет Грнинг.

Се чини дека секој потег со четката отсликува посебна приказна сама за себе, а секој панел претставува автентична анегдота. Во овој проект таа ја докажала нејзината љубов кон уметноста, а критиките од професорите и другарите се само позитивни. „Добро склопени како да се дел од страниците за стрипови. Како што не ги штедеше идеите, така не ги штедеше ниту боите“, се некои од коментарите.

Иако се чини оти оваа уметност е единствената преокупација на Александра, секојдневието на оваа средношколка поминува и под превезот на музиката. Панкот и блузот ѝ се омилените жанрови, а има и одличен глас. Ако не е четката, тогаш гитарата е нејзината придружничка, но соучениците велат дека најдобро е кога прави уметничка мешавина и од двете.

**Автори: Викторија Трајчевска III-1, Марија Неделковска III-1, Антонио Сукловски IV-2, СОУ „К. П. Мисирков“ - Демир Хисар**

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

ТАТЈАНА АЛЕКСИЌ, ПРОФЕСОРКА ВО СУГС ГИМНАЗИЈА „РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН“

# Ги едуцира тоа што би требало образовниот систем



Единствена работа полоша од тоа да зборуваме за сексот е да не зборуваме. Ретки се оние што се осудуваат да отворат уста на оваа тема. Објаснувањето најчесто се бара во нашиот менталитет - сите се криеме под пердето на срамот и глумиме демек не е прозирно. Меѓу оние што отскокнуваат од овој шаблон е професорката или, како што таа сака да ја нарекуваат, учителката Татјана Алексиќ. Предава македонски јазик и литература во скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“. Но, не само нејзините туку и сите преостанати ученици во земјава имаа можност да ја запознаат преку ТВ-емисијата „Сексуална азбука“. Иако е со едукативен карактер, а не програма за возрасни, учителката со нејзината емисија во етерот се појавуваше во доцните вечерни термини.

- Смешно е „Сексуална азбука“ да се емитува близу полноќ, додека прекуден се труеме со реални шоуа. Тоа не е емисија за возрасни - возрасните знаат, децата треба да учат - вели Алексиќ.

Таа го правеше тоа што, како што велат средношколците, треба да го прави образовниот систем. Професорката е омилен лик меѓу нејзините ученици затоа што јавно им ја пренесува пораката дека како што не можеш да пишуваш без да ја знаеш азбуката, така не можеш да водиш љубов ако си „неписмен“. Отсекогаш зборувала отворено, а никогаш не била сфатена погрешно.

- Редовна публика во емисијата беа средношколци, а гости доктори, сексолози и други стручни лица. Со еден збор, луѓе што би можеле стручно да им го објаснат на младите она што дотогаш било табу, извор на прост хумор или главен виц на часовите по биологија - вели Алексиќ.

Според неа, една од најтврдокорните предрасуди е за сексот и сексуалноста. Од нејзините јавни настапи и излагања средношколците учат и како да ги надминат предрасудите.

- Дека сексот е „свет“ во име на создавањето потомство, а „грешен“ во име на задоволствата, сѐ уште е во потсвеста на жените. Но, една од големите вистини за сексуалното здравје е фактот дека честото водење љубов го подобрува квалитетот на животот. Секако, водење љубов на сигурно – со познат партнер и заштита од сексуално преносливи болести и несакана бременост - смета Алексиќ.

Средношколците велат дека благодарение на учителката од „Корчагин“ повеќе нема да се едуцираат за сексот и сексологијата само „на улица“ и дека таа е најзаслужна што сега можат отворено да зборуваат за „приказната за штркот“.

**Автор: Дејана Попоска IV-8, СУГС гимназија „Раде Јовчевски -Корчагин“**

## ЈАС МИСЛАМ ВАКА

АНА МИШКОВСКА II-6, СУГС ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ - СКОПЈЕ

# Евергрини и мармалад од сливи



Кога последен пат сте се собрале семејно, на ручек, кај баба и дедо? Кога последен пат сте седнале целото семејство во дневната соба, а никој да не е на својот телефон? Кога сте биле поблиску до себе? Многу одамна, нели?

А кога последен пат сте биле во кафуле? Кога последен пат сте биле на некоја забава? Неодамна, нели?

Секојдневно низ главата ми прелетуваат милион прашања на кои сѐ уште немам одговор. И продолжувам да се прашувам каде се изгубивме.

Покрај толку обврски, во големата трка со времето, ниту еднаш не сме застанале да размислиме за вистинските вредности во животот, кои свесно или несвесно ги разобличуваме сѐ повеќе и повеќе. Заборавивме да се радуваме на малите нешта. Заборавивме да утешиме некого и вистински да ислушаме. Животот ни се состои од кафе, цигара и бош-муабети. Клише - секојдневие. Едвај чекаме да пораснеме, не сфаќајќи дека животот на постарите не е „бели мугри“.

Но кој да каже?

Отсекогаш сум сакала да се стуткам во бабината прегратка. Во тој океан од чувства. Во тој неповторлив изблик на топлина. Со љубов да ѝ помагам при подготовките на највкусното нешто, наша светост и соединување - мармалад од сливи. Секојдневно да ја подучувам англиски и да ѝ помагам при пишувањето пораки на Фејсбук до далечните роднини. Што менува едно пропуштено кафе во споредба со сјајот од радост на мојата мила бабичка?

Душата ми се исполнува кога ќе помислам колку едноставен може да биде животот и колку малите нешта можат да му дадат голема димензија.

Ме прави среќна чувството кога му помагам на оној што е заслужен за тоа што сум јас сега, на некој што неуморно градел карактер. Обожавам кога ќе ги имаме нашите долги разговори, каде што преку живописни приказни дознавам за животот во нивно време. Игранки, евергрини, излети... Време во кое поимот семејство имало друга вредност. И друга слика. Време на вистински авторитети, време на неделен семеен ручек. Време на „сите заедно“.

Нешта што полека но сигурно бледнеат и се забораваат.

Останува на нас и на нашиот избор. Ќе го зачуваме споменот на семејството и на времето некогаш во времето СЕГА или ќе му се препуштиме на брзиот тек на 21 век, заборавајќи дека ние сме дел од нешто многу поголемо од времето.

Дека ние сме и нов бран и традиција, истовремено!

МАРИЕЛА КЛЕКОВСКА, СУГС ГИМНАЗИЈА „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“ - СКОПЈЕ

# Го сакаме македонскиот јазик (<3 мкд)



Пред повеќе од еден век, преродбеникот Крсте Петков Мисирков рекол: „Да се откаже еден народ од својот јазик значи да се откаже тој и од самиот себеси и од своите интереси“. Кога се смета во историски рамки, еден век и не е толку многу време за да се заборават неговите зборови; а заборавиле или не научиле, и помладите, но и некои од постарите.

Помладите немаат чувство дека некој некогаш тежнеел и имал сон за слобода на изразувањето. Меѓу постарите сепак има и такви што ги паметат приказните на своите најблиски за борбата што нивните татковци и дедовци морале да ја извојуваат за да го кажат зборот што го чувствуваат за свој, мајчин, најблизок.

Кога зборувам со баба ми или со друг постар човек, може да се случи да не разберам некој нивни збор, архаизам. Се случува исто така и таа да не разбере или двапати да потпраша за некој израз што ние младите го употребуваме. Нејзините архаизми во најголем број се турцизми или изрази увезени од сите пропаганди што ги острела канџите над Македонија, а нашите сегашни изрази, ако искрено подразмислам, може да се и помодарско потклекнување на некои актуелни трендови. Едноставно, кога сите така зборуваат, полесно е човек да го следи трендот и да се приклучи кон мнозинството.

Јазикот е жива материја, постојано трпи приспособување, нормално е да се воведуваат нови зборови, но неговата сила мора да остане во едно јадро, во срцевината што го чува идентитетот на Македонците. За жал, не само младите туку и медиумите како сѐ повеќе да навлегуваат во таа срцевина. Странските изрази станаа секојдневие од кое не може да се избега. Некои изрази едноставно не умееме да ги кажеме на македонски.

Што стана телевизијата? База на турски серии од кои се профитира или, пак, слобода на вулгаризми на политичките партии. Реткост е да се види добар македонски филм. Слична е состојбата и со македонските радиопрограми. Да се биде спикер порано значело да се има изговор за восхит. Презентери биле само оние што правилно зборуваат, имаат убава интонација и дикција. Денес македонскиот јазик и борбата за идентитет се лизнуваат на домашен терен. Ако нашите стари морале сосила да го прекршуваат јазикот со туѓи изрази и сепак да не го заборават своето, зошто ние доброволно да го користиме туѓото и да ни биде тешко да најдеме израз за своето? Тоа постои, тука е, само треба малку напор да му се доближиме и да го допреме.

Како што физички ги наследуваме телесните особености од родителите, така во свеста и душата одѕвонуваат зборовите и мислите искажани на јазик што е наш и со кој може да се идентификуваме. Подоцна секој може да изучува повеќе јазици, но само за еден ќе каже дека е мајчин и тоа е неговата идентификација. Човекот не е компјутер, па едноставно да му се смени програмскиот јазик.

АНА ДАВИДОВИЌ, 1-2 СУГС ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“ - СКОПЈЕ

# Љубов и вино



Заврши новогодишната, ред е за љубовната еуфорија низ скопските улици. И повторно дилемата што да се подари за Св. Валентин?! Букет рози, чоколадни бонбони, кадифено мече или црвено срце?! Ако за некои тоа е начинот да се искаже љубовта кон саканата личност, поиновативните како можност за изненадување може да ја искористат љубовната порака. Специфични, оригинални и од срце напишани две-три реченици, по можност на хартија. Пораки по „нарачка“ има еден куп, кои можеме да ги најдеме на социјалните мрежи, но подобро нека е едно „те сакам“ ама нека е од срце. Никако не смее да се заборави наједноставниот подарок, кој нема да ве чини ништо, освен зацрвенети образи на оние на кои ќе им биде прв пат - бакнежот.

Дозволено е и чаша добро вино (барем за повозрасните), бидејќи и денот сам по себе е таков. Многумина веруваат дека токму на овој ден почнува пролетта, се буди природата, но и љубовта меѓу луѓето. Се верува дека Св. Трифун на својот празник забодувал факел во земјата и така снегот почнувал да се топи. Овој голем православен празник е надеж за лозарите дека родот ќе биде богат, а од него ќе произлезе добро вино. Црковното вели дека Св. Трифун е прекрасна стара традиција за лозарите и за виното.

А што се однесува до љубовта? Кога да се слави љубовта, кога виното?! Без разлика на тоа кој колку верува во приказните, Свети Валентин како најголема слава на љубовта се одомаќини речиси во секоја земја. Колачињата и кадифените играчки во форма на срце во црвена боја станаа заштитен знак на размената на љубов. Тврдењето дека треба да се сакаме секој ден, а не само на 14 февруари е „,поклиширано“ од самиот празник. Се разбира дека е убаво да сме сакани секој ден, но особено романтично е да се има и еден ден одреден за љубов.

Свети Трифун и Свети Валентин - два празника што се празнуваат во еден ден. И едниот и другиот се убави и поврзани, исто како и виното и љубовта. Секогаш одат заедно.

ИВАНА КРСТИЌ, II ГОД. СУГС ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ - СКОПЈЕ

# Професорка по тинејџерска револуција

Иако живееме во 21 век, век на информатичко општество, одлучив во форма на писмо да ви го кажам тоа што не успеав пред точно една година. Една средношколка што пред сè се грижеше за својата оценка, па беше задлабочена во книгата - го потисна во себе одговорот на вашето провокативно прашање. Верувајте, не ме остави рамнодушна.

Пред триесетина млади луѓе вие поставивте едно прашање на кое никој од нас не даде одговор. Знам дека искрата во вашите очи потајно се надеваше дека некој ќе собере храброст да го направи тоа. Затоа јас сум тука, по цела година, со многу повеќе храброст, младешки ентузијазам и оптимизам, да ви одговорам на прашањето што ме испровоцира и ме претвори во она што сум сега. Ме поттикна да се стремам кон тоа да бидам креација што ќе докаже дека навистина го користи својот ум и се стреми кон тоа да работи за општеството во кое живее, притоа умеејќи да направи разлика.



Се сеќавам, бевме исплашени дека ќе испрашувате (сепак специјалност ни беше кампањско, а не редовно учење), па глумевме дека читаме, за да ве убедиме дека колку-толку знаеме нешто. И одеднаш го слушам гласот со боја што искажува гордост и почит, но и искреност како вели: „Ми недостига вашиот оптимизам деца, вашата младешка храброст. Смелоста со која ги извршувате сите задачи, активности, ги решавате вашите проблеми. Начинот на кој реагирате против нештата што не ви се допаѓаат, но и начинот на кој се заблагодарувате. Каде сте, сакани млади мои луѓе, се загубивте ли во предизвиците што ги носи новото време?“ Ме треснавте од земја, почитувана професорке! Не собрав храброст тогаш кога требаше, но предизвикавте револуција во мене. Долготрајна револуција за вистинската „јас“ во онаа младешка верзија во која секогаш се замислував.

Горда сум, професорке, на мојата генерација и на секоја пред и по неа. На секоја генерација на која ѝ се дава епитетот „изобличена“, на секоја што се доживува како поинаква.

Горда сум на начинот на кој искажуваат незадоволство и покажуваат благодарност. Тивко и креативно или гласно и забележано.

Горда сум на сите млади единки што имаат доста тешка задача - да бидат носители на нови идеи и да бидат втемелувачи на новите вредности во општеството. Можеби тие сè уште не ги почнале промените, но значајно ги модифицираат одлуките што не ги поддржуваат. Тие се претвораат во млади, отворени, комуникативни луѓе, се бунат, творат, коментираат. Креираат вредност во различни околности и различно време. Улогата секогаш ни остана иста и ја исполнуваме, онолку колку што можеме да се носиме со промените и во чекор со времето.

А која е нашата улога? Да ве шармираме со нашиот оптимизам, да ве воодушевиме со нашата истрајност и упорност и да создадеме подобро општество за сите што се дел од него.

И да, недостигаат луѓе како вас, кои ќе ги бидат нашите малечки срца, ќе нè потсетат дека сме млади и дека за нас не постојат никакви ограничувања!



# (ДЕ)КОНСТРУИРАЈ ГИ МЕДИУМИТЕ

## ПРОЕКТ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Конкурс за најдобар средношколски медиумски производ „ИЗРАЗИ СЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ“

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во соработка со Амбасадата на САД во Македонија, го објавува конкурсот за најдобар средношколски медиумски производ „Изрази се преку медиумите“. Средношколците може да аплицираат на конкурсот со **фотоприказна, постер или едноминутно видео на тема „(Де)конструирај ги медиумите: пораката зад пораката“.**

Медиумскиот производ треба да е оригинален начин да разоткрие скриена медиумска порака, објавена на телевизија, радио, печатен или онлајн-медиум како вест, реклама, филм, музика и преостанати медиумски содржини. Средношколците треба да откријат како оваа скриена медиумска порака влијае врз изборот на младите да купат нешто, да донесат одлуки или, пак, ги наведува да размислуваат во посакувана насока. Во своите предлози за деконструирање на медиумската содржина средношколците треба да ја разобличат вистинската намена на испратената порака, обидувајќи се да одговорат на следните прашања дали и колку е реална таа порака, како е конструирана и која идеја ја промовираат.

Целта на овој конкурс е да поттикне медиумската писменост кај младите, кои на креативен начин ќе покажат дека умеат да ги толкуваат и критички да ги оценат медиумските содржини на кои се постојано изложени.

### ИЗРАБОТКА

**Фотоприказната** треба да содржи од 6 до 8 фотографии, кои ќе бидат објаснети со легенда (кус текст што ќе го објасни нејзиното значење и тоа што сакате да прикажете преку неа). Текстот под фотографиите може да биде на кој било од јазиците и писмата што се употребуваат во Македонија.

**Постерот** треба да изразува јасна и оригинална порака на авторот, изразена преку креативен дизајн. Може да се избере и постоечка идеја (постер), која ќе се преработи во контекст на темата на конкурсот, откривајќи ја скриената порака.

**Видеото** треба да се објасни со текст од еден параграф, што ќе го објасни неговото значење и тоа што сакате да прикажете преку него. Видеото треба да трае една минута. Ако се употребува музика во правењето на видеото, треба да се провери дали може да се користи (може да се користи музика што не е заштитена со авторски права). Ако во видеото има дијалози или друга говорна комуникација, тие може да бидат на кој било од јазиците што се употребуваат во Македонија.

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

На конкурсот може да се пријават ученици од прва до четврта година од сите средни училишта во Македонија. Право на учество имаат и самите училишта. Учесниците може да ги изработуваат производите во група со други соученици или пријатели, но ако производот биде награден, наградата ќе му се додели на авторот или носителот на иницијативата. Доколку училиштето се јавува како учесник, наградата ќе му се додели на училиштето. Сите учесници, без разлика дали се индивидуалци, групи или училишта, можат да конкурираат со повеќе исти или различни медиумски производи (видео, фотоприказна или постер).



На www.medium.edu.mk може да се најдат корисни информации како да се изработи фотографија/фотоприказна или да се снима и монтира видео.

### НАГРАДИ

- ✓ Прва награда - таблет
- ✓ Втора награда - видеокамера
- ✓ Трета награда - професионален фотоапарат

### ПРИЈАВУВАЊЕ

Кандидатите треба да пополнат формулар за пријавување (на www.medium.edu.mk) и заедно со изработениот продукт да го испратат на е-адресата medium@medium.edu.mk најдоцна до 23 март 2015 година.

### КОНТАКТ

Александра Теменугова,
temenugova@vs.edu.mk, 02 30 90 004

# СТРИП

Автори: Аделина Мустајбасиќ (15г.) и Инеса Богуќанин (16г.), УСО „Димитрија Чупоски“ -Велес




Во соработка со Стрип центар на Македонија
www.comicscenter.mk

# СОВЕТУВАМЕ

## МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ



Мобилните телефони се важен дел од тоа како пристапуваме на Интернет затоа станаа алатка за одржување на контактите со нашето семејство и пријателите. Иако паметните телефони се моќни речиси колку компјутерите, често не сме исто толку претпазливи со нив и не ги преземаме истите заштитни мерки за приватност и безбедност.

### РИЗИЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ

**КРАЖБА НА ПОДАТОЦИ** - Уредот е обично преполн со твоите лични информации. Не треба да си хакер за да добиеш информации од нечиј мобилен телефон - луѓето едноставно си ги оставаат телефоните на лесно дофатливи места. Кога некој ќе добие пристап до твоите податоци, може лесно да се преправа дека тоа си ти.

**ВИРУСИ** – Вирусите може да ги има во апликациите што се бесплатни или достапни за малку пари или да бидат маскирани како игри, па дури и безбедносни софтвери.

**НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ** – Додека зборуваш или испраќаш пораки само на едно лице, не заборавај дека содржината може да се зачува, копира и препрати до повеќе различни луѓе. Особено камерите овозможуваат секој срамен момент да биде лесно реобјавен.

**ПРЕКУМЕРНО ТРОШЕЊЕ** –Поради поволностите за онлајн-купување преку телефон, може да купиш нешто без размислување. Многу апликации на видеоигри бараат да трошиш вистински пари за да напредуваш во играта.

**НЕСООДВЕТНА СОДРЖИНА** - Многу апликации достапни за тинејџери содржат скриени реклами и пропагандни пораки.

**ИНВАЗИЈА НА ПРИВАТНОСТА** - Твојот телефон собира податоци во секое време за тоа кој си и каде си.



### КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИШ

**ЕДУЦИРАЈ СЕ.** Дознај кои се опциите за приватност и безбедност на твојот телефон и активирај ги. Пред да преземеш некоја апликација, прочитај ги условите за користење за да знаеш кои твои податоци ќе бидат земени.

**БИДИ ЉУБЕЗЕН.** Многу знаци што се користат за да се разбере полесно што нешто значи - израз на лицето, гестикулации, тон на гласот - не се присутни кога пишуваш пораки, па внимателно како ќе пишуваш и не носи пребрзо заклучоци за нешто што некој друг го напишал.

**РАЗМИСЛИ ПРЕТХОДНО.** Размисли кој може да ги види пораките или сликите што ги испраќаш. Размисли како лицето што ќе ги прими би можело да се чувствува поради содржината.

**БИДИ СИГУРЕН.** Нагодете го телефонот да пристапува само на безбедни интернет-конекции со одење на https-верзии на веб-страници.

**БИДИ ПРЕТПАЗЛИВ.** Пред да преземеш некоја апликација, истражи дали е сигурна и дали содржи непожелни содржини. Не кликај на линкови испратени во пораки.

**ИСКЛУЧИ ГО ТОА ШТО НЕ ГО КОРИСТИШ.** Блутут, ви-фи и други начини на поврзување на уредите можат да бидат цел на хакери.

**НЕ ИЗЛОЖУВАЈ ГИ ТВОИТЕ ПОДАТОЦИ.** Никогаш не испраќај доверливи информации или не купувај на Интернет при користење јавен бесплатен Интернет.

**ПОСТАВИ СИ ГРАНИЦИ НА ТРОШЕЊЕ.** Користи припејд или платежни картички со мал износ на средства.

**НЕ ГО КОРИСТИ ТЕЛЕФОНОТ ИСТОВРЕМЕНО СО ДРУГИ РАБОТИ.** Кога си на училиште, телефонот не треба да ти биде лесно на дофат, за да не бидеш доведен во искушение постојано да го проверуваш.

Извор: www.mediasmarts.ca